# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

## NOGRIPPIN Forte / НОГРИПИН Форте

***paracetamol, oxolamine, chlorpheniramine, pseudoephedrine***
**филм-обложени таблети**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*
- *Ако забележите било какви несакани ефекти, разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува сите можни несакани ефекти и кои не се наведени во ова упатство. Видете дел 4.*

**Упатство содржи:**

1. *Што претставува NOGRIPPIN Forte и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да употребите NOGRIPPIN Forte*
3. *Како да се употребува NOGRIPPIN Forte*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на NOGRIPPIN Forte*
6. *Содржина на пакувањето и други информации*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА NOGRIPPIN FORTE И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

NOGRIPPIN FORTE е комбиниран лек кој содржи 4 активни супстанции вклучувајќи аналгетик и антипиретик (парацетамол), антихистаминик (хлорфенирамин малеат), антитусик (оксоламин цитрат), кој делува на кашлицата со разредување на секретот со своите секретолитички ефекти и псеудоефедрин хидрохлорид кој има деконгестивни ефекти и делува со одстранување конгестијата преку намалување на отокот на слузницата.
NOGRIPPIN FORTE се користи за одстранување на симптомите на акутните инфекции на горните дишни патишта како што се грип, настинка и алергиски заболувања како што се болка, треска, кивање, кашлање, течење на носот, затнат нос кои се јавуваат кај алергиските заболувања.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ NOGRIPPIN FORTE

**Немојте да употребувате NOGRIPPIN Forte во следните состојби:**

- Ако сте алергични (преосетливи) на лековите парацетамол, оксоламин цитрат, псеудоефедрин хидрохлорид или хлорфенирамин малеат или на било која од помошните супстанции на лекот наведени во делот 6;
- Кај деца на возраст под 12 години;
- Ако имате тешко заболување на црниот дроб (Child-Pugh категорија > 9);
- Ако имате тешка бубрежна слабост;

- Кај заболувања кои се пропратени со изразито зголемен крвен притисок и тахикардија (забрзана срцева работа);
- Ако имате тешка коронарна артериска (крвните садови кои го хранат срцето) болест;
- Ако употребувате лекови наречени инхибитори на моноамино оксидаза или ако истите сте ги употребувале во последните 2 недели;
- Ако сте користеле некој од следните лекови: некои антидепресиви, атропин кој се користи за третман на око или цревни заболувања, лекови за крвен притисок кои содржат алфа и бета блокатори, лекови кои се користат приземање на крв и за лекување на астма, супресоти на апетитот, моклобемид кој се користи за третман на нарушување на расположението, ерготамин или метисергид кои се користат за третман на мигрена, окситоцин кој ги забрзува контракциите на утерусот во текот на породувањето;
- Ако имате заболување наречено аденом на простатата кое се карактеризира со задршка на мокрача во мочниот меур по уринирање;
- Ако имате обструкција на мочниот меур или цревата;
- Ако имате пептички улкус кој предизвикува стеноза во желудникот;
- Ако имате било каков тип на белодробно заболување вклучувајќи астма;
- Ако имате висок очен притисок (глауком тесен агол);
- Ако имате епилепсија.

**Употребувајте NOGRIPPIN FORTE со ПОСЕБНА ПРЕТПАЗЛИВОСТ во следните состојби:**

- Ако употребувате парацетамол за прв пат или ако имате историја на употреба пропратена со црвенило на кожата, исип или кожни реакции при прва или повторувана доза. Ако тоа се случи, пациентот треба да го контактира својот лекар, да ја прекине употребата на лекот и да се префрли на алтернативен третман. Пациентите кои имале кожна реакција на парацетамол, никогаш повеќе не треба да го употребуваат овој лек повторно или било кој друг лек кој содржи парацетамол. Ова може да предизвика тешка и потенцијално фатална кожна реакција вклучувајќи Stevens-Johnson-ов синдром (воспаление кое се карактеризира со крвави пликови по кожата, отекување и црвенило на кожата и околу очите), токсична епидермална некролиза (сериозно заболување кое се карактеризира со булозни лезии на кожата) и акутна генерализирана пустулозна егзантематоза (пустулоза акутно генерализиран исип пропратен со висока температура);
- Ако имате анемија;
- Ако имате белодробно заболување;
- Ако имате дисфуникција на црниот дроб и бубрезите;
- Ако имате дисфункција на коскената срж;
- Ако имате астма, настинка која трае долго, долготрајна уртикарија и преосетливост кон антиинфламаторни лекови;
- Ако користите било кој друг лек кој содржи парацетамол, оксоламин цитрат, хлорфенирамин малеат или псеудоефедрин хидрохлорид;
- Не треба да употребувате повеќе од 3 таблети на ден ако консумирате алкохол;
- Ако имате Gilbert-ов синдром, наследно заболување кое се карактеризира со зголемени ензими од црниот дроб и транзиторна жолтица;
- Ако имате срцева аритмија;
- Ако имате изразито зголемен крвен притисок и кардиоваскуларна болест;

- Ако имате дијабетес;
- Ако имате прекумерно зголемен функција на тиреоидеата или тиреоидна дисфункција;
- Кај пациенти со феохромоцитом (тумор на надбубрежните жлезди кој може да го зголеми нивото на адреналин);
- Ако имате дијагноза на продолжен QT синдром (состојба која може да предизвика тешка срцева дисритмија и ненадејна смрт) и Torsades de Pointes (витално-загрозувачки неправилен срцев ритам) или ако овие дијагнози се суспектни;
- Ако сте на возраст на 60 години;
- Ако имате церебрална атеросклероза;
- Во случај на идиопатска ортостатска хипотензија (низок крвен притисок при станување од непознато потекло);
- Ако имате бронхитис (воспаление на бронхите) и бронхиектазии (перманентно проширување на бронхите поради деструкција);

Ако се појават нови симптоми во рамките на 3-5 дена или ако не се намалат болката и/или треската, прекинете со употребата на лекот и консултирајте го Вашиот лекар.

Парацетамол, една од лековитите супстанции во лекот NOGRIPPIN FORTE, може да предизвика тешка токсичност на црниот дроб кога се зема во високи дози во краткотраен период. Кај возрасни, тој може да предизвика оштетување на црниот дроб кога се зема секојдневно во подолг временски период (долготајно и повторувано).

Ретко, пријавени се случаи на реверзибилно мозочно ткивно оштетување (синдром на постериорна реверзибилна енцефалопатија (RCVS)) со симпатомиметички лекови, вклучувајќи го и псеудоефедрин хидрохлорид. Пријавените симптоми вклучуваат ненадеен почеток на силна главоболка, мачнина, повраќање и нарушувања на видот. Во најголем број од случаите е регистрирано опоравување со соодветен третман во тек на неколку дена. Псеудоефедрин хидрохлорид треба веднаш да се прекине во случај на развој на знаци и симптоми на PRES/RCVS.
Ако некое од овие предупредувања се однесува на Вас, дури и за периодот во минатото, Ве молиме консултирајте го Вашиот лекар.

**Употреба на NOGRIPPIN FORTE со храна и пијалоци**
Храната може да ја успоти апсорбцијата на NOGRIPPIN FORTE.
Кога се користи заедно со алкохол или производи кои содржат алкохол (пр. некои лекови), ризикот од штетни ефекти по црниот дроб може да биде зголемен.

**Бременост и доење**

***Бременост***
*Ве молиме консултирајте се со Вашиот лекар пред да го земете овој лек.*
Ако сте бремени или планирате да забремените, задолжително информирајте го Вашиот лекар.
Не употребувајте NOGRIPPIN FORTE во текот на бременоста освен ако тоа не Ви го советува Вашиот лекар.

*Ако забремените во текот на третманот, Ве молиме консултирајте го*

*Вашиот лекар.*

**Доење**

*Ве молиме консултирајте се со Вашиот лекар пред да го земете овој лек.*
Не употребувајте NOGRIPPIN FORTE ако доите, освен ако тоа не Ви го советува Вашиот лекар.

**Возење и ракување со машини**

NOGRIPPIN FORTE може да предизвика зашеметеност, а кај некои пациенти и замаеност и поспаност. Поради тоа, бидете внимателни додека возите или ракувате со машини.

**Важни информации за некои од помошните компоненти во NOGRIPPIN FORTE**

NOGRIPPIN FORTE содржи лактоза монохидрат. Ако Ви е кажано од страна на Вашиот лекар дека не поднесувате некои шеќери, контактирајте го Вашиот лекар пред да го земете овој лек.

**Употреба на други лекови**

Ефектите на NOGRIPPIN FORTE може да се променат ако се употребува заедно со некои лекови. Ве молиме контактирајте го Вашиот лекар ако користите некој од следните лекови:

- Лековите го успоруваат празнењето на желудникот (пр. пропантелин и др.)
- Лекови кои го забрзуваат празнењето на желудникот (пр. метоклопрамид и др.)
- Лекови кои ги стимулираат ензимите на црниот дроб (пр. некои лекови за спиење, некои лекови за епилепсија)
- Хлорамфеникол кој се користи како антибиотик
- Варфарин и кумарински антикоагуланси (лекови за спречување на згрутчувањето на крвта)
- Зидовудин (лек кој се користи за третман и превенција на HIV инфекции (СИДА) кај деца и возрасни)
- Домперидон (се користи за третман на мачнина и повраќање)
- Алкохол
- Антидепресиви (лекови кои се користат за депресија)
- Транквилизатори (седативи, транквилизатори)

Истовремената употреба на NOGRIPPIN FORTE со назални деконгестиви, трициклични антидепресиви (пр. амитриптилин, нортриптилин, имипрамин и дезипрамин), супресори на апетитот и некои стимулатори на нервниот систем или MAO инхибитори (инхибитори на моноамино оксидаза: пр. моклобемид) може понекогаш да доведе до зголемување на крвниот притисок. Бидејќи лекот содржи псеудоефедрин хидрохлорид,тој делумно го менува ефектот на хипотензивните лекови како што се бретилиум, бетанидин, гванетидин, дебрисоквин, метилдопа, и алфа и бета адренергичните блокатори.

- Истовремената употреба со срцеви гликозиди (се користат за срцева слабост) го зголемува ризикот од кардијална дизритмија.
- Истовремената употреба со ерготалкалоид (ерготамин и метисергид, се користат за третман на мигрена) го зголемува ризикот од несакани ефекти.
- Истовремената употреба со окситоцин, кој се користи за стимулација на породувањето, го зголемува ризикот од хипертензија.

- NOGRIPPIN FORTE го инхибира метаболизмот на лекот наречен фенитоин кој се користи за третман на епилепсија, поради што може да предизвика фенитоинска токсичност.

*Ако употребувате, до неодамна сте употребувале или планирате да употребувате било каков лек, вклучувајќи ги и лековите кои се издаваат без лекарски рецепт, Ве молиме информирајте го Вашиот лекар или фармацевт за тоа.*

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА NOGRIPPIN Forte?

**Инструкции за правилна употреба и дозирање/интервали на дозирање**
Употребувајте NOGRIPPIN FORTE секогаш точно онака како што Ве советувал Вашиот лекар. Ве молиме консултирајте го Вашиот лекар или фармацевт ако не сте сигурни.

***Деца на возраст постари од 12 години и возрасни:***
Една таблета на секои 6 – 8 часа по потреба, до просечно 3 – 4 таблети на ден. Максималната дневна доза е 4 таблети.

**Начин на употреба:**
NOGRIPPIN FORTE е наменет за перорална употреба. Треба да се зема со многу вода.

**Различни возрасни групи:**

**Педијатриска употреба:**
Лекот не треба да секористи кај деца на возраст под 12 години.
Кај деца на возраст помеѓу 6 – 12 години, треба да се преферира NOGRIPPIN педијатриски сируп наместо NOGRIPPIN FORTE филм обложени таблети.

**Геријатриска употреба:**
Кај здрави, динамични постари пациенти може да се администрира нормалната доза за возрасни, меѓутоа, во случај на коморбидитети, дозата и интервалите на дозирање треба соодветно да се прилагодат од страна на Вашиот лекар.

**Посебни популациони групи на пациенти:**

**Ренална/хепатална слабост:**
Информирајте го Вашиот лекар ако имате слабост на црниот дроб или бубрезите. Лекот не треба да се употребува кај пациенти со напреднат стадиум на слабост на црниот дроби бубрезите.

*Ако имате впечаток дека ефектот на NOGRIPPIN FORTE е премногу силен или слаб, Ве молиме разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако употребите повеќе NOGRIPPIN FORTE отколку што треба**
Во случај на предозирање, главните симпоми се бледило, губиток на апетитот, мачнина и повраќање, меѓутоа, во некои случаи може да не бидат манифестни повеќе часови. Поради тоа, веднаш контактирајте го Вашот лекар или одете во најблиската болница во случај на предозираање или несакана употреба на лекот. Лекот може да предизвика интоккација ако се земе во високи дози во краток

временски период. Штетните ефекти на предозирањето се поголеми кај пациентите со алкохоличен црн дроб. Предозирањето со парацетамол треба веднаш да се третира.
При предозирање може да се јави замаеност.

При предзирање може да се јават успореност, парадоксална стимулација на централниот нервен систем, токсични психози (нарушување на расположениeто), грчеви, апнеа (времен прекин на дишењето), конвулзиии (неволни контракции на мускулите), антихолинергични ефекти (заматен вид, сува уста, задршка на урина, опстипација), дистонични реакции (неволни, јаки контракции на мускулите и деформитети на телото) и кардиоваскуларен колапс (слика на тежок колапс поради задршка на крвта во дилатираните вени) вклучувајќи аритмија (абнормално срцево отчукување).
При предозирање може да се јават симптоми од страна на централниот нервен систем и кардиовакуларниот систем како што се ексцитираност, иртабилност, халуцинации, висок крвен притисок и срцева аритмија Во тешки случаи, може да се јават психози (тип на ментално нарушување), конвулзии, кома и ненадејно зголемување на крвниот притисок. Серумското ниво на калиум може да биде намалено поради навлегувањето на калиумот од надворешнста внатре во клетката.

*Ако земете повеќе NOGRIPPIN FORTE отколку што треба, Ве молиме разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако заборавите да употребите NOGRIPPIN FORTE**
*Не земајте двојна доза како би ја надоместиле пропуштената доза.*

Ако имате додатни прашања во однос на употребата на овој лек, Ве молиме прашајте го Вашиот лекар или фармацевт.

**Можни ефекти по прекинување на третманот со NOGRIPPIN FORTE**
Не е применливо.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите други лекови, може да се јават несакани ефекти кај лица кои се преосетливи на било кој од составните компоненти на лекот NOGRIPPIN FORTE.

**Прекинете со земањето на NOGRIPPIN FORTE ако Ви се јави некоја од подолу наведените состојби и ВЕДНАШ информирајте го Вашиот лекар или одете во најблискиот ургентен центар:**

- Кожен исип, јадеж, уртикарија,
- Алергиски едем и ангиоедем (отекување на лицето и грлото како резултат на алергија),
- Акутна генерализирана егзантематозна пустулоза (пустулоза со акутен генерализиран исип со висока темепература),
- Мултиформен еритем (хиперсензитивна состојба која обично спонтано се повлекува и предизвикува црвенило на раката, лицет и стапалата слично на чипка,
- Stevens Johnson-ов Syndrome (SJS) (воспаление кое се карактеризира со крвни блистери, отекување и црвенило на кожата и околу очите),

- Токсична епидермална некролиза (TEN) (сериозно заболување кое се карактеризира со булозни лезии на кожата вклучувајќи смртен исход),
- Проблеми со ритамот на срцето (аритмија),
- Блокада на коронарните крвни садови (исхемична срцева болест),
- Дисфуннкција на црниот дроб,
- Хиперсензитивни реакции,
- Халуцинации (гледање или слушање на работи кои не се присутни во реалноста),
- Зголемен крвен притисок (хипертензија),

Сите овие несакани дејства се многу сериозни несакани дејства. Ако забележите било кое од нив, тоа значи дека имате сериозна алергија на NOGRIPPIN FORTE. Може да имате потреба од ургентна медицинска интервенција или да бидете хоспитализирани.

Сите овие несакани дејства се многу сериозни несакани дејства и се јавуваат многу ретко.

Несаканите дејства се класифицирани според нивната фрекфенција на јавување:
*Многу чести:* Се јавуваат кај најмалку 1 од 10 пациенти.
*Чести:* Се јавуваат кај помалку од 1 од 10 пациенти, но може да се јават кај повеќе од 1 од 100 пациенти.
*Помалку чести:* Се јавуваат помалку од 1 од 100 пациенти, но може да се јават кај повеќе од 1 од 1000 пациенти.
*Ретки:* Се јавуваат кај помалку од 1 од 1000 пациенти.
*Многу ретки:* Се јавуваат кај помалку од 1 од 10000 пациенти.
*Непознато:* Не може да се утврди од достапните податоци.

**Чести:**
- Нервоза
- Несоница (инсомнија)
- Главоболка
- Замаеност
- Поспаност (сомноленција)
- Парестезии (сензорни нарушувања како што се чувство на трнење, пецкање или печење)
- Дремливост
- Симптоми на инфекции на горните дишни патишта
- Мачнина
- Повраќање
- Диспепсија
- Флатуленција (прекумерно создавање на гасови во желудникот и цревата)
- Стомачна болка
- Опстипација
- Сува уста

**Помалку чести:**
- Замор
- Ексцитација
- Агитација (прекумерна иритабилност)
- Гастроинтестинално крварење (крварење од желудникот и цревата)

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

- Папиларна некроза (оштетување на бубрезите кое може да предизвика бубрежна слабост)
- Дизурија (болка при мокрење)
- Уринарна ретенција (задршка на мокрача)

**Ретки:**

- Анемија
- Хемолитичка анемија (скратување на животот на црвените крвни клетки и разградба на хемоглобин)
- Метхемоглобинемија (присуство на метхемоглобин во крвта по оксидација на кислородот)
- Тромбоцитопенија (намален број на тромбоцити)
- Тромбоцитопенична пурпура (заболување кое се карактеризира со намален број на тромбоцити)
- Леукопенија (намален број на бели крвни клетки)
- Неутропенија (намален број на неутрофили)
- Панцитопенија (неутропенија и тромбоцитопенија со анемија)
- Агранулоцитоза (акутна клиничка слика која се карактеризира со намален број на гранулоцити во крвта)
- Алергиски реакции
- Анафилакса (хиперсензитивни реакции предизвикани од повторно навлегување на антиген (лек, вакцина, некој вид на храна, животински серум, инсектицид, хемиска супстанција, и др.) со историја на сензитивност при првото навлегување
- Анорексија (психолошко нарушување особено присутно кај млади жени кое се карактеризира со нејадење, намалено спиење и прекумерна активност)
- Халуцинации
- Параноидни делузии (анксиозност, халуцинации и др.)
- Ексцитабилност
- Депресија
- Ноќни кошмари
- Иритабилност (хиперсензитивност на стимуланти)
- Проблеми со концентрацијата
- Заматен вид
- Случаи на оптички илузии кај деца (тоа е термин кој се користи за случаите каде што има разлика помеѓу визуелната перцепција и реалноста)
- Тинитус (зуење во ушите)
- Тахикардија
- Хипертензија (висок крвен притисок)
- Други срцеви аритмии (неправилно отчукување на срцето)
- Палпитации (срцебиење)
- Аритмија (неправилна срцева работа)
- Хипотензија (низок крвен притисок)
- Зголемен крвен притисок
- Астма, вклучувајќи синдром на анлгезична астма
- Бронхоспазам (стеснување на бронхите)
- Густ бронхијален секрет
- Дијареа (пролив)
- Печење во хранопроводникот
- Зголемена подвижност на цревата

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

- Оштетување на црниот дроб (хепатално нарушување)
- Кожен исип
- Јадеж
- Уртикарија (тоа е заболување на кожата се карактеризира со испакнувања кои се црвени и отечени, често пропратени со јадеж и големина која варира од 1-2 mmдо неколку сантиметри, со неправилно отечени страни)
- Алергиски едем (отекување на лицето и грлото како резултат на алергија)
- Ангиоедем (отекување на лицето и грлото како резултат на алергија)
- Акутна генерализирана егзантематозна пустулоза (пустули со акутен генерализиран исип пропратен со висока температура)
- Мултиформен еритем (хиперсензитивна состојба која обично спонтано се повлекува и предизвикува црвенило на раката, лицето и стапалата слично на чипка,
- Stevens Johnson-ов Syndrome (SJS) (воспаление кое се карактеризира со крвни блистери, отекување и црвенило на кожата и околу очите),
- Токсична епидермална некролиза (TEN) (акутно и сериозно булозно заболување на кожата кое се карактеризира со некроза на кожата пропратена со системска токсична патологија)
- Хиперсензитивни реакции (прекумерна сензитивност)
- Алергиски дерматитис (егцем)
- Вкрстена сензитивност со други симпатомиметици
- Изнемоштеност
- Стегање во градите

**Многу ретки:**

- Lyell'-ов синдром (токсична епидермална некролиза-акутно и тешко булозно кожно заболување кое се карактеризира со распространета кожна некроза пропратена со системска токсична патологија)
- Уртикарија (тоа е заболување на кожата се карактеризира со испакнувања кои се црвени и отечени, често пропратени со јадеж и големина која варира од 1-2 mmдо неколку сантиметри, со неправилно отечени страни)

**Непозната:**

- Бронхоспазам (симптоми слични на астма кои може да предизвикаат појава на краток здив)
- Позитивен алергиски тест
- Имуна тромбоцитопенија (заболување кое се карактеризира со намален број на тромбоцити)
- Стимулација на централниот нервен систем (пр. иритабилност, тремор, конвулзии)
- Енцефалопатија (заболување кое се карактеризира со општи дегенеративни промени во мозочното ткиво)
- Несоница
- Тремор (тресење)
- Иритабилност (хиперсензитивност против стимуланси)
- Анксиозност (напнатост, загриженост)
- Седација (поспаност)
- Парадоксална ексцитација кај деца (зголемена енергија, иритабилност, нервоза и др.)
- Конфузиони психози кај постари лица (намалено внимание, памтење)
- Сува уста

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

- Алергиски реакции вклучувајќи ексфолијативен дерматитис (црвенило и флеки на кожата)
- Кожни реакции
- Мускулни фасцикулации и некоординација (неправилни движења на мускулите)
- Уринарна ретенција (задршка на урина)

**Пријавување на несаканите дејства**
Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА

Лекот чувајте го на места надвор од дофат и поглед за деца во неговото оригинално пакување.
Лекот чувајте го на собна температура под 25$^{0}$C во неговото оригинално пакување.

*Рок на употреба:*
Не го употребувајте NOGRIPPIN Forte по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето.
Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. СОДРЖИНА НА ПАКУВАЊЕТО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржат NOGRIPPIN Forte?**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

*Активна супстанција:*
Секоја филм-обложена таблета содржи:

| | |
|---|---|
| парацетамол | 650.00 mg |
| оксоламин цитрат | 200.00 mg |
| хлорфенирамин малеат | 4.00 mg |
| псеудоефедрин хидрохлорид | 60.00 mg |

*Помошни супстанции:*
Лактоза монохидрат (добиена од кравјо млеко), кроскармелоза натриум, хидроксипропил целулоза (E463), магнезиум стеарат, хидроксипропил метил целулоза (E464), полиетилен гликол, полисорбат и титаниум диоксид (E171).

**Како изгледа и што содржи пакувањето во NOGRIPPIN Forte?**
Таблетите се бели или речиси бели, обложени со разделна линија од едната страна, биконфексни и филм-обложени. Целта на разделната линија е да се олесни кршењето на таблетата за полесно проголтување кога е тоа потребно. Таа не треба да се користи за делење на таблетата на еднакви дози.

10 филм-обложени таблети во Aluminium foil/Opaque PVC блистери/кутија.
20 филм-обложени таблети во Aluminium foil/Opaque PVC блистери/кутија.

**Производител**
Biofarma Ilac Sanayii ve Ticaret A.S.,
Akpinar Mah. Osmangazi Cad. No:156, Sancaktepe, Истанбул, Турција

**Носител на одобрението за ставање во промет**
РИФАМ, ул. „Мара Угриноска“ бр.144, Гостивар, Р. Македонија

**Број и датум на одобрението за ставање во промет**

**Начин на издавање**
Лекот може да се издава во аптека без лекарски рецепт (БР).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Август, 2019.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ